**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 02-2530/1**
**29.04 2014 година**
**Скопје**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 44/14), Заклучокот на Советот за радиодифузија на Република Македонија, бр.02-5174/3 од 30.12.2013 година, во врска со Пресудата, ТС.-557/12 од 22.02.2013 година на Основниот Суд Скопје II Скопје и Пресудата, ТСЖ.бр.-1422/13 од 28.11.2013 година на Апелациониот Суд Скопје, Извештајот на Комисијата за прегледување на преостанатите телевизиски проекти, финансирани од средствата од радиодифузна такса наменети за програми од јавен интерес, бр.09-1739/1 од 21.03.2014 година, и Налогот за исплата на средства според договорите за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр.09-1739/2 од 24.03.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-2499/5 од 29.04.2014 година, на 27-та седница одржана на 29.04.2014 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ВИДЕО СТУДИО ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, во согласност со точка 9, потточка 9.1 од Договорот за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес – емисијата/серијата „Разиграни бројки 2", склучен помеѓу Советот за радиодифузија (сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и продуцентот, бр. 09-2389/1 од 03.08.2010 година (бр.001 од 30.07.2010 година), да му се исплати втората рата за проектот, во износ од 400.000,00 денари, поради тоа што тој е предаден и прифатен од страна на Агенцијата.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на средставата од радиодифузна такса наменети за финансирање радио и телевизиска програми од јавен интерес бр. 19-1945/1 од 11 мај 2006 ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/2006), помеѓу Совет за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и Друштвото за производство, трговија и услуги ВИДЕО

СТУДИО ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ увоз – извоз, склучен е Договор за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр. 09-2389/1 од 03.08.2010 година (бр.001 од 30.07.2010 година).

Советот за радиодифузија на Република Македонија сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Тужба, бр.03-4388/1 од 23.08.2012 година, пред Основниот Суд Скопје II Скопје, поведе парница против Друштво за производство, трговија и услуги ВИДЕО СТУДИО ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ увоз – извоз, Скопје, за раскинување на склучениот договор за финансирање на телевизиска програма од јавен интерес - проектот „Разиграни бројки 2" (5x15=75 мин.), и враќање на аконтативно исплатените средства во износ од 400.000,00 денари, со законска затезна камата.

Основниот Суд Скопје II Скопје, постапувајќи по предметната тужба на Советот за радиодифузија, на ден 22.02.2013 година донесе Пресуда, ТС-557/12 од 22.02.2013 година, со која тужбеното барање на Советот го одбива како неосновано. По превземањето на сите процесно – правни постапки од страна на Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Апелациониот Суд Скопје, одлучувајќи по поднесената жалба на Советот, сега Агенција, на 28.11.2013 година, донесе Пресуда, ТСЖ.бр.-1422/13, со која жалбата на Советот, ја одби како неоснована, така што Пресудата на Основниот Суд Скопје II Скопје, ТС-557/12 од 22.02.2013 година, ја потврди.

Следствено на погоре наведеното, Советот за радиодифузија на Република Македонија сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Заклучок на Советот, бр.02-5174/3 од 30.12.2013 година, на 69-та седница, одржана на 30.12.2013 година, меѓудругото, во врска со понатамошните активности насочени кон реализација на договорите за финансирање на телевизиска програма од јавен интерес, одлучи да формира Комисија за прегледување на преостанатите телевизиски проекти, финансирани од средствата од радиодифузна такса наменети за програми од јавен интерес.

Врз основа на Извештајот на Комисијата за прегледување на преостанатите телвизиски проекти, финансирани од средствата од радиодифузна такса наменети за програми од јавен интерес, бр.09-1739/1 од 21.03.2014 година, се утврди дека се исполнети условите за исплата на втората рата за пректот „Разиграни бројки 2", односно дека овој проект е оценет дека ги задоволува основните технички и програмски стандарди и дека го содржи потребното ниво за емитување на телевизиските станици во Репбулика Македонија.

Следствено на претходното, даден е Налог за исплата на средства според договорите за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес, бр.09-1739/2 од 24.03.2014 година, согласно кој исполнети се условите на Друштво за производство, трговија и услуги ВИДЕО СТУДИО ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ увоз – извоз, Скопје, да му се исплати втората рата за проектот „Разиграни бројки 2", во износ од 400.000,00 денари.

По повод претходното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 44/14), и Заклучокот на Советот за радиодифузија на Република Македонија, бр.02-5174/3 од 30.12.2013 година, а во врска со Извештајот на Комисијата за прегледување на преостанатите телевизиски проекти, финансирани од средствата од радиодифузна такса наменети за програми од јавен интерес, бр.09-1739/1 од 21.03.2014 година, и Налогот за исплата на средства според договорите за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр.09-1739/2 од 24.03.2014 година, во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-2499/5 од 29.04.2014 година, на 27-та седница одржана на 29.04.2014 година, донесе одлука да се изврши исплата на втората рата во износ од 400.000,00 денари, по одобрените средства за проектот „Разиграни бројки 2", односно преостанатите 50% согласно точка 9 од Договорот за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр. 09-2389/1 од 03.08.2010 година (бр.001 од

30.07.2010 година), склучен помеѓу Совет за радиодифузија на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги ВИДЕО СТУДИО ПЕТКОВСКИ ДООЕЛ увоз – извоз.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Комисијата за прегледување на телевизиските проекти,
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.